**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**
**СКОПЈЕ**
Бул. „Гоце Делчев“ 9а, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Деканат: +389 2 3240 401

# Програма за доживотно учење

# УНГАРСКИ ЈАЗИК

| | |
|---|---|
| Назив на единицата | Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје<br>Катедра за турски јазик и книжевност |
| Назив на програмата | Програма за доживотно учење:<br>Унгарски јазик |
| Координатор на програмата | м-р Дарина Бајовиќ, странски лектор по унгарски јазик |
| Контакт информации | Е-маил адреса на координаторот и/или телефон<br>d.bajovics@gmail.com |
| Причини за воведување на програмата | Зголемен интерес за унгарскиот јазик како странски јазик. Унгарскиот јазик е официјален јазик на Унгарија и еден од службените јазици на Европската Унија, со над 13 милиони говорители ширум светот. Во последните години расте интересот за унгарската култура, историја, туризам и образование, што го прави унгарскиот сѐ поатрактивен за учење.<br>Унгарија и Северна Македонија имаат стабилни и пријателски билатерални односи, особено во областа на образованието, културата, бизнисот и инвестициите. Учењето унгарски јазик овозможува зголемување на можностите за студирање, вработување и професионална соработка во Унгарија и пошироко.<br>Програмата го поттикнува развојот на меѓукултурна компетентност и мултилингвалност кај учениците/курсистите. Исто така, придонесува за градење на самодоверба, самостојност и отвореност кон нови култури и перспективи. |
| Целна група/за кого е наменета програмата, број на слушатели и предуслови за запишување | Корисно за оние кои планираат стипендии и студии во Унгарија и за оние кои се заинтересирани за посебен јазик.Програмата е наменета за сите заинтересирани лица кои сакаат да го изучуваат унгарскиот јазик – без разлика на возраст или предзнаење. Особено е корисна за:<br>Средношколци и студенти кои планираат да аплицираат за стипендии и високообразовни програми во Унгарија, како што е програмата „Stipendium Hungaricum“; Професионалци кои сакаат |

| | |
|---|---|
| | да развијат јазични вештини заради потенцијална економска, образовна или културна соработка со Унгарија; Љубители на јазици и култури кои се заинтересирани за изучување на посебен, нетипичен и уникатен јазик, кој не припаѓа на индоевропското јазично семејство; Програмата е отворена за сите, но ќе има предност кандидатите кои имаат јасна мотивација за учење унгарскиот во контекст на образование, професионален развој или лична афирмација. |
| Цели и задачи на програмата | Цели: Целта на програмата е да се научи унгарскиот јазик на најдобар можен начин и да се овозможи запознавање со унгарската култура. Програмата е дизајнирана да го развива јазичното знаење преку практична употреба, при што курсистите ќе се стекнат со основни комуникациски вештини и културна писменост.<br>Ниво А1 – Почетно ниво на унгарски јазик<br>На ова ниво, учениците ќе можат:<br>· да разберат и користат чести секојдневни изрази и едноставни реченици потребни за задоволување на основни потреби;<br>· да се претставаат себе си и другите и да поставуваат/одговараат на прашања од личен карактер (на пример: име, возраст, националност);<br>· да зборуваат за местото каде што живеат, луѓето што ги познаваат и предметите што ги имаат;<br>· да комуницираат на едноставен начин со соговорник кој зборува полека, јасно и е подготвен да помогне.<br>Ниво А2 – Основно ниво на унгарски јазик<br>На ова ниво, учениците ќе можат:<br>· да разберат реченици и често користени изрази кои се однесуваат на блиската околина (на пример: лични податоци, пазарување, работа, патувања);<br>· да се снајдат во вообичаени ситуации каде има потреба од едноставна размена на информации за познати теми;<br>· да опишуваат свое потекло, образование, непосредна околина и секојдневни активности со едноставен речник. |

<table>
<tr><td></td><td>Задачи:<br>Задачи за ниво А1 – Почетно ниво:<br>1. Да се претстави себеси (име, возраст, националност) и да претстави член од семејството.<br>2. Да разбере и користи основни поздрави (на пример: „Szia“, „Jó reggelt“, „Viszlát“).<br>3. Да поставува и одговара на едноставни прашања, како: „Hogy hívnak?“, „Honnan jöttél?“, „Mi a foglalkozásod?“<br>4. Да брои до 100 и да користи броеви во контекст (цени, телефонски број, време).<br>5. Да опише објекти во просторот користејќи едноставни придавки (на пример: „Egy nagy ház“, „Egy piros autó“).<br>6. Да разбере едноставни написи и знаци, како менија, табли, патокази.<br><br>Задачи за ниво А2 – Основно ниво:<br>1. Да учествува во едноставен дијалог во продавница, ресторан или аптека.<br>2. Да опише еден ден од својата рутина со едноставни реченици (на пример: „Reggel hétkor kelek.“).<br>3. Да напише кратка порака или е-пошта (на пример: покана или благодарница).<br>4. Да разбере основни информации од разговор или радио/ТВ кога се зборува јасно и полека.<br>5. Да поставува прашања и одговара за настани од минатото користејќи глаголи во минато време (на пример: „Tegnap moziban voltam.“).<br>6. Да зборува за своето семејство, хобија и планови за блиска иднина (на пример: „Hétvégén kirándulni megyek.“).<br>Начин на изведување: физичко присуство/он-лајн<br>Место на изведување на наставата/обуката: Катедра за турски јазик и книжевност т.е. платформата ZOOM</td></tr>
<tr><td>Траење на програмата</td><td>Вкупно траење: 60 до 80 наставни часа, во зависност од динамиката / Поделено на два дела: А1 (30–40 часа) + А2 (30–40 часа)<br>Датум на почеток:</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | Датум на завршување: |
| Цена на програмата /обуката | Согласно одлука на Факултетот |
| Структура на програмата | Предвидени часови/саати во тек на денот: 2 часа<br>Број на недели, месеци или семестри: 2 семестри<br>Вкупно задолжителни кредити (ако се предвидени): |
| Основни предмети/теми | Код на предеметот/темата<br>Назив на курсот  унгарски јазик<br>Предуслови: нема<br>Краток опис на содржината: Овој курс е наменет за почетници кои сакаат да го совладаат унгарскиот јазик на основно ниво. Преку интерактивни лекции, активности за слушање, зборување, читање и пишување, учесниците ќе стекнат способност за секојдневна комуникација на унгарски јазик.<br>Ниво А1 – Почетно ниво<br>· Основна лексика и граматика<br>· Маѓарска азбука (латиница) и правилен изговор<br>· Поздрави, претставување и запознавање (на пример: *Szia! Hogy hívnak?*)<br>· Броеви, денови, месеци, време<br>· Семејство и односи<br>· Опис на предмети – бои, големина, форма<br>· Прашања и одговори за лични податоци (име, адреса, националност)<br>· Едноставни дијалози во секојдневни ситуации<br>· Читање и разбирање на кратки текстови (огласи, известувања, знаци)<br>· Пишување кратки реченици и пораки (на пр. СМС, честитки)<br>Ниво А2 – Основно ниво<br>· Проширување на лексика: пазарење, храна, дом, патување<br>· Опис на дневна рутина и активности во слободно време<br>· Изразување желби, потреби и мислења (на пример: *Szeretnék egy kávét.*) |

| | |
|---|---|
| | · Разбирање на едноставни дијалози и аудио-снимки<br>· Формирање прашања и одговори во минато и сегашно време<br>· Читање на едноставни писма, разгледници, рецепти<br>· Пишување кратки текстови: е-пошта, опис на ден, патување<br>· Комуникација во секојдневни ситуации: нарачка во ресторан, купување билети, барање насока<br>· Употреба на основни граматички структури: глаголи (презент и минато време), заменки, прилози и придавки |
| Резултати од учењето | Стекнати знаења:<br>· Основна лексика од секојдневниот живот (семејство, храна, облека, дом, патувања и слично)<br>· Основни граматички правила: сегашно и минато време, прашални реченици, лични заменки, придавки и прилози<br>· Унгарскиот алфабет (латиница) и правилен изговор<br>· Фрази за основна комуникација (на пр. за здравствени состојби, прашања за пат, резервирање, купување)<br>· Културни основи: унгарски обичаи, поздрави и основни општествени норми во Унгарија<br>Стекнати вештини:<br>· Разбирање на кратки пишани и усни текстови (огласи, дијалози, едноставни аудио/видео содржини)<br>· Креирање едноставни реченици и кратки текстови (пораки, разгледници, описи на денот или личност)<br>· Водење кратки разговори во секојдневни ситуации (на пример: во продавница, на улица, во ресторан или кафе)<br>· Претставување себе и други, давање лични податоци |

| | |
|---|---|
| | · Способност за поставување и одговарање на едноставни прашања (што, кој, каде, кога, зошто)<br>Личен развој:<br>· Развивање на комуникациски вештини на странски јазик<br>· Зголемена самодоверба при користење на унгарскиот јазик во реални ситуации<br>· Зголемена мотивација за понатамошно изучување на унгарскиот или други странски јазици<br>· Подобрување на меѓукултурна комуникација и разбирање<br>· Јазична подготвеност за патувања, работа или студирање во унгарското говорно подрачје |
| Методологии за оценување | Типови на оценување:<br>Завршни работи:<br>· По завршување на секое ниво (А1 и А2), учесниците полагаат завршна проверка на знаења, која ги опфаќа сите клучни јазични компоненти: слушање, читање, пишување и говорење.<br>· Оценувањето е комбинирано – вклучува квантитативни (поени/проценти) и квалитативни (описни) елементи.<br><br>Испити:<br>Се организира завршен испит по секое ниво:<br>o А1 Завршен испит<br>o А2 Завршен испит<br>Испитот ги содржи следниве четири компоненти:<br>Слушање со разбирање<br>Читање со разбирање<br>Пишување на кратки текстови<br>Усна комуникација (разговор, кратка презентација)<br>За успешен резултат, потребни се најмалку 60% вкупна успешност.<br><br>Проекти / Теза: |

| | |
|---|---|
| | На крајот од ниво А2, секој учесник изработува краток јазичен проект (пишан и/или усен), со цел примена на јазикот во реален контекст.<br>Примери на теми:<br>o „Моето семејство“<br>o „Мојот ден“<br>o „Градот што го сакам“<br>o „Патување што го планирам“<br>Формат:<br>o Краток пишан текст до 150 зборови<br>o Усна презентација (до 3 минути), со можност за користење слики или слајдови<br>Учество / присуство:<br>Редовното присуство и активно вклучување се важен дел од вкупната оценка.<br>Се следат следниве елементи:<br>o Активност на час и вежби<br>o Вклученост во дијалози, игри и практични активности<br>Потребно е минимум 80% присуство за да се добие потврда / сертификат за успешно завршен курс. |
| Скала за оценување | до 50 бода - незадоволителен<br>од 51 до 60 бода - задоволителен<br>од 61 до 70 бода - доволен<br>од 71 до 80 бода - добар<br>од 81 до 90 бода - многу добар<br>од 91 до 100 бода - одличен |
| Наставен кадар што учествува во наставата/обуката | Име и презиме Звање Област на специјализација<br>1. м-р Дарина Бајовиќ, странски лектор по унгарски јазик на Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје |
| Други учесници во наставата/обуката | Име и презиме Звање Улога<br>1. |
| Ресурси и поддршка | Пристап до библиотека:<br>Сите запишани учесници добиваат слободен пристап до библиотека со ресурси наменети за изучување на унгарскиот јазик, вклучувајќи:<br>Книги за учење унгарски јазик<br>(речници, граматики, учебници прилагодени за А1– |

| | |
|---|---|
| | А2 ниво). Аудио и видео материјали на унгарски јазик (дијалози, интервјуа, кратки образовни видеа, изговор). Кратки читанки и прилагодени текстови за почетници (приказни, писма, дијалози)<br>Можност за позајмување на материјали за домашна употреба (книги, работни листови)<br><br>Онлајн алатки за учење:<br>Интерактивни граматички вежби<br>Аудио речници<br>Дигитални флеш-картички за збогатување на вокабулар<br>Услуги за поддршка на студенти (советување за начини на учење, препораки за дополнителни материјали, техничка поддршка за онлајн платформи) |
| Процес на запишување | Начинот и роковите на пријавување на кандидатите ќе биде објавено на веб страницата на Факултетот |
| Сертификат/бодови ии кредити (ако е предвидено) | По успешно завршување на обуката и положување на испитот, учесниците ќе добијат сертификат. |
| Оценка на програмата (евалуација) | Механизми за повратни информации: анкета за евалуација на програмата<br>Честота на оценување/анкетирање: на крајот на програмата |
| Дополнителни информации | / |